# НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 104, Дата: 31. 10. 2011г**

## Ден на Реформацијата

Денешниот ден (31-ви октомври), во многу земји се одбележува „денот на реформацијата“. Ние веќе два пати имаме пишувано за реформацијата, но бидејќи денешниот број на нашиот билтен се поклопува токму со овој празник, решивме сепак да кажеме нешто, во таа насока.



Овој празник е поврзан со едно движење, кое започнало во 16-ти век. По тоа време, официјалната Црква веќе длабоко била западната во корупција, материјализам и неморал.

Во една книга на д-р Иван Грозданов е наведено дека во тоа време ... *„ во Ватикан имало јавни куќи. Папите, кардиналите и бискупите отворено блудничеле со проститутки и приредувале оргии. Свештениците биле познати ненаситници, пијаници и коцкари“*. Освен неморалот, црквата и народот биле во духовен мрак. Библијата била достапна само на мал број елитни свештеници. Останатото свештенство и народот, ниту ги познавале Библиските вистини, ниту пак живееле според нив. Наместо да ја поучува вистината, дека Исус на крстот ја плати цената за нашите гревови и дека *“праведникот ќе живее по вера“* (од Библијата, Рим.1:17), црквата ѓи убедувала луѓето да си го купат спасението со пари. За таа цел, тие издавале и официјален документ, познат како индулгенција (прошталница).

Еден католички монах од Германија, по име **Мартин Лутер**, ги увидел сите овие неправилности и решил да протестира. На 31-ви октомври (на денешен ден), напишал 95 приговори за неправилностите во учењето и практиката на црквата, и списокот го заковал на вратата на катедралата во Витенберг. Неговиот протест наишол на подршка, кај обичниот народ и кај некои негови колеги-теолози, па дури и кај многу владетели. Набргу ваквиот протест се претворил во бунт против тиранијата на официјалната црква и зафатил многу други европски држави (Швајцарија, Франција, Унгарија и др.). Ваквото движење донело до радикални промени во Европа и станува познато под името Протестанска Реформација.

Иако се случиле промени на политичко и економско поле, главната цел на Мартин Лутер била реформација на самата црква. Таа имала потреба да се врати на изворното, христијанско учење и да се очисти од корупцијата и неморалот. Бидејќи официјалниот врв на тогашната црква одбил да го послуша Лутер и да прекине со небиблиските практики, па дури и постоеле обиди за негово убиство, тој бил принуден да се оддели од официјалната црква. Верувал дека во неговиот случај, тоа бил единствениот и библиски избор, бидејќи и самата библија поучува: *И чув друг глас од небото да вели: „Излезете од неа, народе Мој, за да не бидете соучесници во нејзините гревови и да не ги примите нејзините зла; (Отк.18:4).* Така, се формирала црква која се стремела да се држи исклучиво до Библиското христијанство, отфрлајќи ги сите човечки обичаи и практики, кои се спротивни на Библијата.



Црквите кои одлучиле (тогаш и денес) да го следат овој пример, се познати како Протестантски Цркви. Иако, зборот „протестант“ денес има негативен призвук, во суштина значењето на тој збор е позитивен. Тој означува: да сведочиш или да застанеш во одбрана на нешто; во овој случај-тие застанале во одбрана на Библиското христијанство и вистината.

МОЖЕБИ Е ВРЕМЕ И ТИ ДА ГО РЕФОРМИРАШ ТВОЈОТ ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ !?

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**